КИРМ
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 68 од Законот за извршување ( "Службен весник на Република Македонија" бр.35/05, 50/06, 129/06, 8/08, 83/09, 50/10, 83/10, 88/10,171/10 и 148/2011), в.в со член 19 од Правилникот за работа на Стручниот совет на КИРМ, Управниот одбор на Комората на извршители на Република Македонија, по повод утврдените предлог-мислења на седница на Стручен совет на КИРМ од 28.04.2014 година, на сто и втората седница одржана на ден 16.05.2014 година, го усвои следното

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 1086-3
19.05 2014 год.
СКОПЈЕ

## ПРАВНО МИСЛЕЊЕ

Кога станува збор за заложно право за кое не е известен должникот по чл.16 став 3 од Законот за договорен залог, при спроведување на извршувањето извршителот треба да издаде налог по член 107 од ЗИ и да му наложи на должниковиот должник да не го исплати и да не го намири побарувањето на должникот, а на должникот да му забрани тоа да го наплати или поинаку да располага со него, како и да го задолжи должниковиот должник да се произнесе дали и во кој износ го признава забранетото побарување и дали е согласен да го намири, како и дали неговата обврска да го намири тоа побарување е условена со исполнување на некоја друга обврска, па откако должниковиот должник ќе се произнесе дека го признава и е согласен да го намири во обем од ............ , извршувањето продолжува со издавање на налог за пренос на побарувањето согласно чл.121 од ЗИ бидејќи со налогот на извршителот по чл. 107 од ЗИ се заснова заложното право и се смета дека должникот е известен во смисла на чл.16 став 3 од Законот за договорен залог.

Претседател на Управен одбор
на Комора на извршители,
Гордан Станковиќ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

Бул. ,, Илинден " бр. 60/2-2 Скопје
Тел: 02 3225 674 Факс: 02 3239 877
e-mail: izvrsitelinarm@yahoo.com